EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ВТОР ОДДЕЛ

СЛУЧАЈ ТАЛЕВСКА И ТРПЧЕСКА ПРОТИВ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

(Апликација бр. 11828/16)

ПРЕСУДА

СТРАЗБУР

28 јуни 2022 година

Оваа пресуда е конечна, но може да биде предмет на редакциски измени.

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Во случајот Талевска и Трпческа против Северна Македонија,

Европскиот суд за човекови права (Втор оддел) заседавајќи како во Совет составен од:

Branko Lubarda, *Претседател,*
Pauliine Koskelo,
Gilberto Felici, *судии,*
и Hasan Bakırcı, *Секретар на одделот,*

Земајќи ги предвид:

апликацијата (бр. 11828/16) против Република Северна Македонија поднесена до Судот според член 34 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи („Конвенцијата“) на 26 февруари 2016 година од страна на двајца Македонки/граѓани на Република Северна Македонија, г-а Соња Талевска и г-а Татјана Трпческа, родени во 1982 и 1985 година, соодветно, со живеалиште во Охрид („апликантите“), кои пред Судот беа застапувани од г. Р. Новаковски, адвокат кој работи во Охрид;

одлуката да се извести Владата на Северна Македонија („Владата“) застапувана од нејзиниот Агент, г-а Д. Џонова, за жалбените наводи според член 6 од Конвенцијата и член 1 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата и да се прогласи за недопуштен остатокот од апликацијата;

произнесувањата на странките;

Расправајќи на нејавна седница на 7 јуни 2022 година,

Ја донесе следнава пресуда, којашто беше усвоена на истиот датум:

ПРЕДМЕТ НА СЛУЧАЈОТ

1. Случајот главно се однесува на жалбените наводи на апликантките во светло на членот 6 § 1 од Конвенцијата дека апликантките биле лишени од можноста да бидат известени и да дадат коментар за поднесоците на тужениот во граѓанска постапка во којашто тие неуспешно тврделе дека нивниот работен однос (како судски службеници) е регистриран во органите за социјално осигурување.

2. Откако случајот бил повторен неколку пати, на нејавна седница на 12 февруари 2015 година, Апелациониот суд Битола („Апелациониот суд“) ја преиначил одлуката на Основниот суд и го одбил барањето на апликантките. Судот ја засновал својата одлука на известување од 13 март 2013 година доставено како доказ од страна на тужениот, а коешто не било доставено до апликантките, во коешто Судскиот совет („СС“) оценил дека вршителот на должноста претседател на судот имал надлежност да го застапува тој суд во правниот промет од денот на регистрацијата на неговото или нејзиното именување во Централниот регистар. Во случајот на апликантките,

Апелациониот суд одлучил дека вршителот на должноста претседател на основниот суд немал овластување да ги потпише релевантните решенија за вработување од 22 декември 2011 година бидејќи не бил регистриран во Централниот регистар до 3 јануари 2012 година. Врховниот суд ја потврдил таа одлука без да даде какви било коментари за наводите на апликантките дека известувањето на СС од 13 март 2013 година не било доставено до нив.

3. Апликантките изнесоа жалбени наводи дека по основ на член 6 § 1 од Конвенцијата тие биле лишени од остварување на правото на правична постапка бидејќи известувањето на СС од 13 март 2013 година, доставено со доказите од тужениот, не било доставено до нив. Тие понатаму изнесоа жалбени наводи за недостатокот на усна расправа во постапката пред Апелациониот суд и дека Врховниот суд не навел доволно причини за својата одлука, особено за пропустот на Апелациониот суд да го достави предметното известување до апликантите. Апликантките, исто така, изнесоа жалбени наводи за повреда на член 1 од Протоколот бр. 1 бидејќи имале легитимно очекување да добијат одредени парични придобивки согласно нивните договори за вработување.

ОЦЕНКА НА СУДОТ

I. ПРЕЛИМИНАРНО ПРАШАЊЕ: ЕДНОСТРАНА ДЕКЛАРАЦИЈА НА ВЛАДАТА

4. Во поднесокот од 8 октомври 2018 година, надополнет со поднесок од 13 октомври 2021 година, Владата достави едностранa декларација со којашто призна дека имало повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата и на член 1 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата и понуди на апликантките да им биде исплатена сума за надомест на каква било нематеријална штета заедно со сите трошоци. Апликантките поднесоа приговор особено тврдејќи дека според домашното право, одлуката за отстранување на апликацијата врз основа на едностранa декларација на Владата, за разлика од пресуда донесена од Судот со којашто се утврдува повреда, не може да служи како основа за повторно отворање на случајот.

5. Од причините дадени во *Проданов против Северна Македонија* (бр. 73087/12, §§ 23-25, 10 јуни 2021 година), коишто исто така се применливи и во овој случај, барањето на Владата Судот да ја отстрани апликацијата од листата на предмети согласно член 37 од Конвенцијата мора да се отфрли.

II. НАВОДЕН НЕДОСТАТОК НА КОНТРАДИКТОРНА ПОСТАПКА ПО ОСНОВ НА ЧЛЕН 6 § 1 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

6. Владата не поднесе приговор во однос на допуштеноста на овој жалбен навод. Судот констатира дека жалбениот навод не е очигледно неоснован во смисла на член 35 § 3 (а) од Конвенцијата, ниту пак е недопуштен по каква било друга основа. Според тоа, мора да биде прогласен за допуштен.

7. Општите принципи релевантни за жалбениот навод што се разгледува се сумирани во *Hudáková and Others v. Slovakia* (бр. 23083/05, §§ 26-27, 27 април 2010 година).

8. Во конкретниот случај, во својата одлука од 12 февруари 2015 година, Апелациониот суд изречно се повикал на известувањето на СС од 13 март 2013 година. Како што е потврдено од страна на Владата, предметното известување не било доставено до апликантките. Спротивно на произнесувањата на Владата дека предметното известување не било од суштинско значење за одлуката на Апелациониот суд, Судот смета дека известувањето имало за цел да влијае врз одлуката на Апелациониот суд. Тоа се должи на фактот дека во тоа известување СС за првпат посочил дека вршителот на должноста претседател на судот ги добива потребните овластувања да го застапува тој суд во правниот промет од датумот на регистрација на неговото или нејзиното именување во Централниот регистар. Ова е во спротивност со известувањето од 10 јануари 2013 година во коешто СС посочил дека вршителот на должноста претседател има право да потпишува договори за вработување од датумот на нејзиното или неговото именување. Апелациониот суд ја засновал својата одлука на известувањето од 13 март 2013 година со цел да утврди дека вршителот на должноста претседател на основниот суд немал право да ги потпише договорите за вработување на апликантите и дека, следствено на тоа, нивното барање за регистрација на тие договори во органите за социјално осигурување немало законска основа. Врховниот суд не се произнел во однос на жалбениот навод на апликантките дека предметното известување не било доставено до нив.

9. Според тоа, Судот смета дека со недоставувањето на известувањето на СС од 13 март 2013 година до апликантките, тие биле лишени од остварување на правото на правична постапка. Од ова произлегува дека имало повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата.

III. ДРУГИ ЖАЛБЕНИ НАВОДИ

10. Апликантките, исто така, изнесоа жалбени наводи по основ на член 6 § 1 од Конвенцијата за отсуство на усна расправа пред Апелациониот суд и наводен недостаток на причини во пресудата на

Врховниот суд. Тие понатаму се повикаа на член 1 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата (види параграф 3 погоре).

11. Земајќи ги предвид фактите на случајот, поднесоците на странките и наодите погоре, Судот смета дека ги разгледал главните правни прашања покренати во оваа апликација. Според тоа, тој смета дека нема потреба да се донесе посебна одлука за преостанатите жалбени наводи на апликантите (види *Centre for Legal Resources on behalf of Valentin Câmpeanu v. Romania* [GC], бр. 47848/08, § 156, ЕСЧП 2014 година).

ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 41 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

12. Апликантките заедно побараа 56.746 евра за надомест на материјална штета, 50.000 евра за надомест на нематеријална штета и 2.015 евра за надомест на трошоците во постапката пред домашните судови и 10.102 евра за надомест на трошоците во постапката пред Судот.

13. Бидејќи Судот не може да шпекулира за резултатот на судењето доколку тоа би било во согласност со членот 6, досудувањето на правичен надомест може да го базира само на фактот дека апликантките ги немале придобивките од гаранциите на овој член. Судот прифаќа дека недостатокот на таквите гаранции им причинил на апликантките нематеријална штета (види *Грозданоски против Поранешна Југословенска Република Македонија*, бр. 21510/03, § 45, од 31 мај 2007 година). Судот вршејќи проценка на правична основа, им досуди на апликантките 1.500 евра по апликант по однос на надомест за нематеријална штета.

14. Земајќи ја предвид документацијата со којашто располага, Судот смета дека е разумно на апликантките да им се додели заеднички надомест од 1.850 евра за трошоците настанати во постапките пред сите органи, плус кој било данок којшто може да биде наплатен.

15. Судот понатаму смета дека е соодветно затезната каматна стапка да се заснова на најниската стапка за позајмени средства на Европската централна банка, на којашто треба да се додадат три процентни поени.

ОД ОВИЕ ПРИЧИНИ, СУДОТ, ЕДНОГЛАСНО,

1. *Го прогласи* жалбениот навод по основ на член 6 § 1 од Конвенцијата во однос на недостатокот на правична постапка пред Апелациониот суд за допуштен;

2. *Смета* дека има повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата по основ на лишувањето од остварување на правото на правична постапка пред Апелациониот суд;

3. *Смета* дека нема потреба да се разгледуваат преостанатите жалбени наводи по основ на член 6 § 1 од Конвенцијата и член 1 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата;

4. *Смета*

   (а) дека државата треба да им ги исплати на апликантите, во рок од три месеци, следниве износи, конвертирани во националната валута на државата:

   (i) 1.500 евра (илјада и петстотини евра) по апликант, плус кој било данок што може да се наплати, по основ на надомест за нематеријална штета;

   (ii) 1.850 (илјада осумстотини и педесет евра) заеднички, плус кој било данок којшто може да биде наплатен, по основ на надомест за трошоците;

   (б) дека од истекот на гореспоменатите три месеци до исплатата, ќе се плати затезна камата на горенаведениот износ по стапка еднаква на најниската каматна стапка за позајмени средства на Европската централна банка за наведениот период, плус три процентни поени;

5. *Ги одби* останатите барања на апликантите за правичен надомест.

Изготвено на англиски јазик и објавено во писмена форма на 28 јуни 2022 година, согласно Правилото 77 §§ 2 и 3 од Деловникот на Судот.

Hasan Bakırcı	*Branko Lubarda*
Секретар	Претседател